Согласно Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 33/22), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија

1. **Предмет на јавниот повик** е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија кои вработуваат најмалку три лица односно најмалку две лица доколку апликантот е претпријатие во сопственост и управувано од жена, преку кофинансирање на 30% од докажаните трошоци направени за набавка на машини, но не повеќе од 200.000 денари по барател.

**Со цел придонесување кон рамномерен регионален развој, апликантите покрај износот за кофинансирање утврден во Предметот на Јавниот повик ќе добијат и дополнителна финансиска поддршка во зависност од планскиот регион од каде е седиштето на апликантот, која ќе се утврди на начин објаснет во точка 3 од овој Јавен повик.**

Согласно Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година, член 2, МЕРКА 1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија, предвидени се средства во вкупен износ од 50.000.000 денари.

Субвенционирани ќе бидат докажаните трошоци за набавка на машини настанати во 2021 и 2022 година.

Под поимот „машини" се подразбира машина или постројка наменета за производниот процес произведена не порано од три години од датумот на купување на истата.

Средствата **не се наменети** за субвенционирање на следните трошоци:

- Износот платен за ДДВ;
- Царина;
- Курсни разлики;
- Трошоци чие плаќање е направено со компензација.

Претпријатието кое ќе биде субвенционирано по основ на оваа мерка, има обврска истите да не ги оттуѓува најмалку 2 (две) години од денот на добивање на субвенцијата.

Министерството за економија го задржува правото да изврши контрола кај субвенционираното претпријатие во перид од 2 (две) години од денот на добивање на субвенцијата.
Доколку се утврди дека претпријатијето фактички ги нема набавените машини за чија набавка било субвенционирано, Министерството за економија ќе поведе постапка за враќање на средствата.

**2. Право на учество на јавниот повик имаат:**

Приватни претпријатија со мнозински домашен капитал (над 50%), регистрирани согласно Законот за трговски друштва кои ги исполнуваат следните услови:

- Не биле субвенционирани преку Министерството за економија по јавните повици објавени во периодот 2019 - 2022 година и тоа:
  - Јавен повик за субвенционирање за микро, мали и средни претпријатија;
  - Јавен повик за субвенционирање на претпријатија во сопственост и управувани од жени;
  - Јавен повик за субвенционирање на занаетчии;
- Не добиле државна помош од Буџетот на Република Северна Македонија или од странски донатор за истата намена;
- Не го надминале максималниот дозволен износ од 200.000 евра на вкупно добиена помош за период од три фискални години, согласно Законот за државна помош и член 4 став (1) од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) (*) („Сл. весник на РМ“ бр 141/2011).
- Работење во траење од најмалку 12 (дванаесет) месеци пред објавувањето на јавниот повик *(упис во трговскиот регистар)*;
- Имаат деловно седиште на територијата на Република Северна Македонија;
- Имаат минимум 3 (тројца) вработени на неопределено работно време, односно минимум 2 (двајца) вработени доколку апликантот е претпријатие во сопственост на жена (над 50%) и управувано од жена, пред датумот на објавување на јавниот повик;
- Имаат остварено позитивен финансиски резултат во 2021 година;


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008 CERTIFICATE 20 100131300073

- Спаѓаат во категоријата на микро, мали и средни претпријатија;
- Намирени обврски кон државата и вработените;
- Имаат статус на активно претпријатие над кое не е покрената стечајна постапка или ликвидација;
- Вршат претежна дејност наведена во тековната состојба, која спаѓа во секторот C/B - Преработувачка индустрија (10-33.20) согласно Националната Класификација на Дејностите-Рев.2.

***Напомена:** Претежната дејност на подружница во рамки на претпријатието-апликант нема да се зема во предвид;

## 3. Распределба на средствата

Вкупно предвидените средствата за оваа мерка се распределуваат на сите апликанти кои ги исполнуваат условите согласно овој Јавен повик.

Со цел придонесување кон рамномерен регионален развој апликантите кои ги исполнуваат условите согласно овој Јавен повик, ќе добијат дополнителна финансиска поддршка во зависност од планскиот регион од каде е седиштето на апликантот.

За потребите на пресметка на дополнителната финансиска поддршка ќе се користат последните достапни податоци за БДП по глава на жител по региони кои ги објавува Државниот завод за статистика.

Дополнителната финансиска поддршка ќе се пресметува врз основа на процентуална разлика помеѓу планскиот регион со највисока вредност на БДП по глава на жител и вредноста на БДП по глава на жител на планскиот регион во кој е седиштето на барателот на финансиска поддршка.

Доколку вкупно одобрениот износ на средства за субвенционирање на сите апликанти кои ги исполнуваат предвидените услови во Јавниот повик го надминува планираниот износ на средства од 50.000.000 денари за реализација на оваа мерка, поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант, ќе биде намален.


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

Процентот на рамномерно намалување на поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант ќе се утврди во зависност од разликата меѓу потребните и расположливите средства за субвенционирање.

**4. Потребни документи за пријавување:**

- Пополнет Образец **„Барање – ММСП 2022“** *(може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk).*
- Пополнет Образец **„Изјава – Државна помош 2022“, заверена на нотар** *(Изјавата од барателот за доделена државна помош, може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk );*
- Пополнет образец **„Изјава - 2022“ заверена на нотар** *( може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);*
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 2 (два) месеци;
- Листа на моментално вработени лица во претпријатието издадена од Агенцијата за вработување не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, не постаро од 6 (шест) месеци;
- Завршна сметка со Биланс на успех за 2021 година која е доставена во Централен регистар на Република Северна Македонија;
- Фактура/и за набавената машина/постројка ( *Доколку фактурите се на странски јазик, потребно е за истите да се достави и превод на македонски јазик од овластен судски преведувач* );
- Извод од банка депонент или свифт од кој се гледа дека апликантот целосно ги подмирил обврските за направените трошоци по приложените фактури;
- Доказ за годината на производство на набавената машина/постројка (Спецификација/декларација и сл.);

**Горенаведената документација се доставува во оригинал или копија.**
**Доколку документацијата се доставува во копија, подносителот на барањето веродостојноста ја потврдува со свој потпис и печат.**

**Еден апликант може да користи субвенција само еднаш по овој Јавен повик.**


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

Покрај горенаведените документи, апликантот треба да достави и уплатници за платени административни такси согласно Законот за административни такси и тоа:

- Уплатница на износ од 250,00 денари
  Цел на дознака: Уплата на административна такса,
  Назив и седиште на примач: Приходи на органи на управа,
  Банка на примач: Народна банка на Република Северна Македонија,
  Трезорска сметка: 100000000063095,
  Уплатна сметка: 840 _____ (во зависност од општината) 06116,
  Приходна шифра и програма: 725930 00.
- Уплатница на износ од 50,00 денари
  Цел на дознака: Уплата на административна такса,
  Назив и седиште на примач: Трезорска сметка,
  Банка на примач: Народна банка на Република Северна Македонија,
  Трезорска сметка: 100000000063095,
  Уплатна сметка: 840 _____ (во зависност од општината) 03161,
  Приходна шифра и програма: 722313 00.

**5. Начин и рок на доставување и разгледување на барањата**

Барањата заедно со потребната документација се доставуваат во затворен плик до Архивата на Министерство за економија, ул. "Јуриј Гагарин" бр. 15, Скопје.

На предната страна на пликот треба да стои:
**До Министерство за економија**
**За Јавен повик за субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија**, со назнака **„НЕ ОТВАРАЈ"**.
На задната страна на пликот треба да стои:
**Назив и седиште на претпријатието.**

Барањата за субвенционирање ќе ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија.

Во случај да поднесеното Барање за субвенционирање е некомплетно, односно недостасува некој од потребните документи наведени во Јавниот повик,


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин " бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008 CERTIFICATE 20 100131300073

Комисијата писмено ќе побара од апликантот да го дополни Барањето со документите кои недостасуваат, во определен рок.

Комисијата го задржува правото пред одлучување за доделување на средства да изврши увид кај претпријатието кое аплицира или да побара дополнителна документација со цел да утврди дали докажаните трошоци за набавка на машини/постројки соодвествуваат со фактичката состојба.

Јавниот повик е објавен на веб страницата на Министерството за економија www.economy.gov.mk и на порталот www.konkurentnost.mk.

**Крајниот рок за аплицирање по овој јавен повик е до 06.05.2022 година.**

Апликациите кои ќе пристигнат по завршувањето на рокот за аплицирање нема да бидат разгледувани.

тел: (02) 3093 445; 3093 431; 3093 508; 3093 501; 3093 423 www.economy.gov.mk


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073